Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 02-658/13
30.08.2023 год.

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 став 1 точка 6 од Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, а во врска со Решението за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем ЗЛЕТОВИЦА Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.171/23) Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица – Пробиштип, на седницата одржана на 30.08.2023 година, донесе

# ЦЕНОВНИК
## за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година

### Член 1

Со овој ценовник се утврдува висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за регулиран период 2024 - 2026 година.

### Член 2

Цената на водната услуга на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението е вкупниот надомест кој ја вклучува тарифата за водната услуга и данокот на додадена вредност и по години изнесува:

- за 2024 година тарифата за водна услуга изнесува 4,92 ден/м$^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,25 ден/м$^3$, цената на сурова вода изнесува 5,17 ден/м$^3$;
- за 2025 година тарифата за водна услуга изнесува 5,26 ден/м$^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,26 ден/м$^3$, цената на сурова вода изнесува 5,52 ден/м$^3$ и
- за 2026 година тарифата за водна услуга изнесува 5,73 ден/м$^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,29 ден/м$^3$, цената на сурова вода изнесува 6,02 ден/м$^3$.

### Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој ценовник престанува да важи Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година бр.02-374/20 од 20.07.2020 година.

### Член 4

Овој ценовник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија и ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2024 година.

30.08.2023 година
Пробиштип

Претседател на Управен одбор на ЈП
ХС Злетовица Пробиштип
Киро Кировски

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 13 став 1 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на РМ" бр.7/16), Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга ("Службен весник на РМ" бр.63/17), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга ("Службен весник на РМ" бр.63/17) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците и критериумите, а во врска со поднесеното Барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението за регулиран период 2024-2026 година, поднесено од Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип Пробиштип, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Решение УП1 бр.08-297/23 од 07.08.2023 година.

Согласно членот 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 став 1 точка 6 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, Управниот одбор на претпријатието ги утврдува цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците.

Имајќи го во предвид горенаведеново Управниот одбор на седницата одржана на 30.08.2023 година донесе Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година.